Грозоморната ликвидација на манастирскиот игумен аџи Езекил

Грозоморната ликвидација на манастирскиот игумен аџи Езекил

По возобновувањето на Лешечкиот Манастир 1817-1818 година, аџи Езекил е четвртиот игумен на Манастирот. Во понатамошното излагање за него ќе бидат изнесени кратки биографски податоци преземени од неговиот надгробен споменик, потоа неговите активности како манастирски игумен, националните определби, неговите старешински записи, трагичната смрт, односно целокупното негово дело и значење за македонската историја. Според нив, Езекил бил роден на 15.08.1836 година (с.с.) на големиот православен празник Св.Богородица во село Глоѓи, недалеку од Лешек. Световното име веројатно му било Борис според празникот кога е роден. Првото образование го стекнал во Лешечкиот манастир, учител му бил игуменот Силвестер. На 18 години односно 1854 година Борис заминал за Хилендар на Света Гора. Таму се престојувал три години, до 1857 година. Овде го надоградил своето теолошко образование , го сватил монашкиот живот итн. Во 1857 година го напуштил Хилендар како јеромонах и повторно се вратил во Лешечкиот манастир.Во текот на 1858 година е ракоположен за монах од игуменот Силвестер и го добил монашкото име Езекил. Бидејќи

престојувал на Хилендар, го стекнал чинот Мал Аџија. Како монах се приклучил кон останатите монаси кои го сочинувале Манастирското братство.

По смртта на третиот игумен Саво, во 1878 година , Езекил ја презел старешинската задача односно станува игумен на Манастирот во својата 42-ра година.

Езекил како игумен на Манастирот се покажал како голем организатор , многу чесен , хуман и гостопримлив за сите верници.На патрониот празник на Манастирот Св.Атансиј 18.01 (сс) организирал големи гозби за голем број на добродојдени гости.

Како хуман старешина, сите лица што имале свои недостатоци и постари осамени лица биле прифатени од Манастирот, за кој тој се грижел.Така Езекил, стекнал голем углед и почит од сите православни луѓе во Полог.

Со своето домаќинско и несебично раководење, Манастирот започнал да се збогатува. Биле купени повеќе ниви во Лешочко Поле, лево од патот Лешек-Жилче , каде што се наоѓал античкиот град, создавајќи една голема површина од повеќе хектари наречена од лешаните како Манастирско Ширење. Во манастирскиот двор, во 1895 година го изградил големиот конак кои и ден денес постои. Во источниот дел на ходникот приспособил мала капела посветена на Св.Кирил и Методиј. На влезната врата од капелата се наоѓа иконата со ликовите на Св. Кирил и Методиј, подарена од Езекил.

Езекил за Манастирот има купено дуќани во Тетово од киното Братсво до првото лево уличе кога се оди кон центарот на градот. Потоа ан исто во Тетото, Гостивар и два ана со дворно место во Скопје. Едниот бил спроти црквата Св. Димитриј, а вториот спроти денешниот хотел Холидеј. Така Манастирот добивал приходи од ановите и дуќаните и станал еден од најбогатите во Македонија.

За големиот успех на Манастирот и игуменот, запознат бил и скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов па тој на 04.12.1890 година го посетил Манастирот во Лешек. Пред да дојде во Лешек, Гологанов го посетил Тетово. Во Тетово му бил организиран, до тогаш невиден срдечен пречек со големи почести и големо гостопримство од сите обединети православни тетовчани[37].

Големиот масовен пречек ги возбудило турските власти па тие за секој случај утредента, дошле во Манастирот и го прекинале престојот на Гологанов и го спровеле во Скопје.Прекинатиот престој на почитуваниот митрополит, на Езекил бил крајно навредлив и разочаран од властите. Бидејќи не ја знаел причината, мислел дека властите не сакале да има соработка и пријателство меѓу него и митрополитот. Но кај Езекил настанал обратен ефект, тој да стане крајно доследен на Гологановите промакедонски идеи.

За време на краткиот престој на Гологанов, како двајцата да имале претчувство па останале да разговараат речиси цела ноќ. Во разговорот Езекил го запознал митрополитот за големите Бугарски и Српски пропаганди[38] и поделба на населението, определувајќи се едни да се Срби а други Бугари. Поделбата била толку голема на еднородното население , да бидат поделени браќа, роднини што била создадена голема меѓусебна омраза и поделба, потврдена и од Ј.Х. Василевиќ и Ј.Миодраговиќ[39].

---

[37] Б.Светозаревиќ, Осврт кон националната дејност на игуменот Езекил во Лешочкиот манастир(1878-1898) Гласник ИНИ Бр. 2 Скопје 1908, 141

[38] Б.Светозаревиќ, српска и бугарска црковно-училишна пропаганда во Тетово и тетовско 1860-1903. Скопје, 1996

[39] Ј.Х.Васиљевич, патријаршисти и егзархисти у Скопској епархии. Браство XX-X. Београд 1938, 26-64; Ј.Миодрагович, наша и бугарска пропаганда у старој Србии и Македонии. Браство XI и XIII Београд 1908, 290.

Во меѓусебните разговори можеме да претпоставиме дека извлекле заеднички заклучок дека Егзархијата припаѓала на Бугарија и на Бугарската црква, а Патријаршијата е Српска и е на Српската црква. Македонската црква треба да биде под јуриздикција на укинатата Охридска Архиепископија. Сигурно Гологанов го запознал Езекила дека преку папата барал или ќе бара обнова на Охридската Архиепископија. За таквиот разговор може да се потврди, што Езекил одбил да плаќа придонеси на Егзархијата.

Согледувајќи ги промакедонските активности на Гологанов, Егзархијата на 04.01.1892 година, го протерува Гологанов од Скопје и на 11.03.1892 година му бил одземен статусот митрополит. На негово место го назначиле Матеј а потоа заменет со Синесеј[40]. Тоа се случило по изминати две години од посетата на Лешек.

Сега, Егзархијата мислела дека нема кој да го заштитува Езекила, поддржува и охрабрува во про македонските идеи, па ќе ја прифати соработката со Егзархијата па продолжиле да се вршат големи притисоци, убедувања, подмитувања, претњи и што не само за Езекил да прифати соработка со Егзархијата[41]. бидејќи преку Манастирот авторитетот на Езекил многу полесно и помасовно населението ќе ја прифати Бугарската пропаганда(населението да се декларира како Бугари). Меѓутоа, Езекил и понатака останал доследен со своите идеи против пропагандите и следбеник на Гологановите идеи. Не само што никако не ја прифаќал

---

[40] С.Димевски, историја на македонската православна црква. Скопје 1989, 556-576; Скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов(1846-1926) Скопје, 2006.

[41] Ц.Станоевски, како ја видоа Македонија (Руски публикации за Македонија 1828-1913), Скопје 1978.

соработката на Егзархијата, туку и одбивал да плаќа материјални сретсва на Егзархијската митрополија, за која сметал дека не е надлежна за Манастирот. Бидејќи не соработувал со неа и немал обврска кон неа, показувајќи го своето Македонско патриотско чувство. За ова нешто егзархискиот митрополит Синесеј во 1897 година испратила писмо до Тетовското архиерејско намесништво со кое се жали на Езекил[42]. Ова уште повеќе ја вжештило состојбата меѓу Езекил и Егзархијата. Сега, единствено решение на Егзархијата било да се отстрани Езекил од Манастирот. За да би ја оствариле оваа идеја, решиле да ја применат методата на ликвидирање. За ваквото решение, преку свои луѓе, биле ангажирани тројца егзекутори. Двајцата биле од гостиварското село Добри Дол а третиот постои можност да бил од блиските села на Лешек – Отуње, Сетоле или Једоарце, кој добри ги познавале непрометните комуникациски врски меѓу Лешек-Варвара-Отуње итн. Потоа се интересирале каде би било напогодно место да се изврши ликвидацијата на игуменот, а тие да не бидат забележани. За ваквиот план се интересирале кој се дневните движења на игуменот надвор од Манастирот. Интересирајќи се, дошле до сознание дека игуменот, Манастиркото братство , послугата по потреба го посетуваат чифликот. Тој се наоѓал во Долно Маало надвор од Манстирскиот двор одејќи по патот Јулица. Откакко ги добиле и овие информации, егзекуторите се определиле убиствоито да го извршат на патот Јулица и тоа меѓу ливадите и дворот на Сандарој и Манстиркста Млака. Потоа , местото каде што би го извршиле убиството е погодно за убијците

[42] Б.Светозаревиќ, Осврт, Ц.Д, 141

брзо и незабележано да исчезнат преку костеновата Шарска падина до селото Варвара и понатака за Отуње.

За ваквото дело се определиле да биде во летниот период, кога со коњи се вршела пченицата во чифлик и секојдневно им се носело ручек на работниците. На критичниот ден (17) 30 Јуни 1898 година[43], ручек на работниците им носел ветениот да слузи во манастирот 18-ет годишниот Столе Јовановски од соседното село Жилче. На врачањето од чифликот кон Манастирот, егзекуторите го пречекале Столета и му рекле да му каже - излаже игуменот дека работниците во чифлик се скарале па дури и се степале. За да би ги послушал Столе непознатите луѓе, најверојатно тие го подмитиле или му запретиле со убиство. Столе се согласил да го излаже старешината без да ја знае нивната намера.

Кога Столета заитан стигнал во Манастирот, пред сите присутни ја кажал измислената лага. Послушувајќи го Столета, Езекил , со трчање се упатил кон чифликот по споменатиот пат Јулица. Овој пат започнува веднаш од манастирската врата, испред Болницата, што е на северозападната страна од селото и без фрекфенција. Меѓу ливадите на Сандарој и Млака, егзекуторите биле скриени зад грмушките од трње. Кога Езекил стасал на критичното место што е 700-1000 м. оддалечено од манастирската врата и е на 21°18`7`` и.г.д. и на 42°61`2`` с.г.ш. тројцата егзекутори му се нафрлиле, го легнале и со ножеви го заклале како јагне, како што пишува на споменикот, сечејќи му го грклaнот. Оставајќи го мртвото тело, се дале во бегство преку манастирската млака,

[43] Архимандрит Методија, манастир св. Атанасиј, М.Лешак – Лешачки. Црква и живот бр. 1 и 2. Скопје 1923, 47.

потоа костеновата Шар Планиска падина кон селото Варвара, за да продолжат во Отуње итн. Во Отуње биле видени од Таса Аврамоска (мажена во Лешек со името Јошејца Дамајноска) и нејзиниот татко кога собирале сено[44]. Според нејзиното кажување, биле тројца, еден со пушка и реденици со патрони а другите двајца со крвави гуњи. Застанале на изворот покрај ливадата и ги миеле крвавите раце и ножеви.

Во непосредна близина на убиството живеел Јанче Сандара- таткото на Ѓорѓија ,Микаељ и Ката. Кога убијците му се нафрлилр на Езекил, Јанче во моментот бил во дворот и слушнал човечки глас што му го свртело вниманието на Јанче. Тогаш Јанче се упдатил кон местото од каде што дошол гласот, за да види што се случило, бидејќи не се гледале луѓе од повисокиот ѕид од камен со кој бил заграден дворот и ливадата.Кога Јанче стигнал до ѕидот, убијците веќе го напуштиле местото бегајќи кон манастирската Млака.

Јанче го препознал мрвото тело на манастирскиот старешина и веднаш по истиот пат се упатил кон Манастирот да му каже на манстирското братство и другите присутни во Манастирот. По веста, сите возбудени со неверување ,се упатиле кон местото каде што бил убиениот Езекил, со запрежна кола го зеле мртвото тело и го однеле во Манастир. Современикот на убиството од Лешек, мојот прадедо по мајка, Тоде Дамјановски-Гуде (прекар даден од Езекил), ми раскажуваше за убиството додавајќи: Когај го утепаја аџијата, на ведрото небо облак се напрае и дожд заврна”.

[44] И.Петрушевски, Селото Лешок Тетовско. Скопје 2004, 156.

Со молњевита брзина се разнела веста за убиството на манастирскиот игумен. Дугиот ден е извршено погребението во манастирскиот двор до конакот изграден од самиот Езекил. Гробот со споменикот и ден денес (2022) стои тука.

За извршеното убиство, турските власти покренале истрага со распрашување, прво на манастирското братство. Тие им го кажале следното. Дента когај Столе се врати од чифлик му кажа на аџијата дека работниците во чифлик се скарале дути и се степале. Езекил го послуша Столета и се упдати кон чифлик. По извесно време, во Манастирот со трчање дојде Јанче и ни кажа дека старешината го нападнале некој луѓе и го заклале.

По ваквата информација, турските власти го сослушале Јанчета потоа како сведок го спровеле во Призрен, во кој град се наоѓал судот под чија надлежност било Тетово (Калканделен). За несреќа, Јанче во Призрен починал од непознати причини за домашните и таму погребан. Така останало тајна за текот за неговото испитување и неговата изјава.

Не ни е познато дали турските власти го сослушале Столета како соучесник во убиството, но знаеме дека самиот за себе си пресудил доживотно да се мачи на испосништво, питачење, да се пати со патни маки и што не друго. Завршил смрзнувајќи 1936 година во еден напуштен дуќан во Тетово.

Во текот на 1899 година бил подигнат величенствениот споменик со испишани биографски податоци и за убиството на Езекил. Споменикот бил изработен во скопското село Пагаруша. На 21 Март(сс) 3 Април 1900 година, на големиот православен празник Велигден била закажана панахида со присуство на егзархискиот

митрополит Синесеј. Синесеј, пред да оди за Лешек, сакал да го посети Тетово, мислејќи дека ќе му се организира величенствен пречек исто како на Гологанов. Меѓутоа, тетовчаните знаејќи дека Синесеј одејќи за Лешек на панихида сака да го посети Тетово, огорчени од гнасното убиство на Езекил со голем број на потписи – петиција го известиле Синесеј дека не е мил и почитуван во Тетово па да не планира да го посети градот[45]. Со ова, давајќи му до знаење дека за гнасното дело- убиство на Езекил е негово дело.

Драгоцени податоци за ставовите на промакедонскиот Игумен Езекил и неговото убиство се забележани од рускиот новинар/публицист Петар Ритрих. Тој Манастирот го посетил на 12 Јули - Петровден 1901 година. Податоците се објавени во книгата По Балканите. Санкт Петерсбург 1909. Делото е преведено од Цветан Станоевски и го објавил под наслов Како ја видоа Македонија (Руски публикации за Македонија) 1828 - 1913 Скопје 1978. Ние тука во целост го преземаме записот на Ритрих за настаните околу Езекил[46].

Начело на Манастирот мошне долго време се наоѓал Отец Езекил, тукашен човек со висок степен на чесности набожен кој стоел настрана од агитацијата како Српска така и Бугарска. Тој се сметал за чистокрвен Македонец и не се признавал ниту како Бугарин ниту како Србин. Целото негово семејство (род) гледале на своето национално потекло со неговите очи.

Не помагале никакви совети ниту пак , големите парични понуди и застрашувања. Отец Езекил не се

---

[45] Б.Светозаревиќ, Осврт, Ц.Д. 143

[46] П.А.Риттих. Побалканан. С.Петерсбург, 1909.

поколебал се откажал и какви и било преговори и гласно ги отфрлил агитаторите. Откако ги потрошиле сите убави зборови, агитаторите заминале со клетви и му порачале на еден од своите членови да го реши случајот со Езекил.

Езекил бил убиен на свиреп начин, а Бугарите за да го отстранат сомнениетпо од себе, го погребале со свечаности и му подигнале достоен гроб со соодветен бугарски натпис.

Оваа верзија ја раскажуваа многу Турци,Руси и Срби, Тетово и во Скопје. Кажувањата малку се разликуваат, а она што претходно беше забележано е според кажувањето на Турчинот Халил-Ефенди Драгоман на кајмаканот (господинот Халил бил преведувач на окруѓниот начелник).

На крајот заслужува внимание да се каже, тоа што бил Гологанов за Македонија, Игуменот Аџи Езекил бил за Полог, и му припаѓа една алка на долгиот синџир ликвидирани македонски патриоти. Како жртва , залужува неговото име да се најде на некоја институција, училиште или некоја градска улица па и да му се подигне спомен обележје.

Интересно е тоа што двајцата од тројцата егзекутори неможеле да се воздржат а да не ја издадат својата тајна. Тие за време на Кралството Југославија, на сточниот пазар во Тетово движејки се низ пазарот да продаваат или купуваат, наишле на Тоде Васовски-Грк. Во разговорот за добитокот го прашале Тоде од каде е , а Тоде им кажал дека е од Лешек, а тие му возвратиле: Е мие двајца го заклавмо игуменот. Тоде им возвратил со прашањето: Од кде сте вие а пак тие му одговориле дека се од Добри Дол-Гостиварско.

Додаток

Во периодот од 1886 до 1893, година во Тетово учител бил Бугаринот Андреј Стојанов. Тој оставил поголем број записи и написи за Тетово и Тетовско, меѓу тоа за манастирскиот игумен аџи Езекил кој бил промакедонски и за посетата на Гологанов на Манастирот во 1890 година ништо нема забележано. Се забележува дека Езекил не му бил омилен и со него немал соработка. Исто случајот и со Бугаринот Л Срафимов кој го посетил манастирот во 1900 година и написал два труда, едниот е со наслов Тетово и дејците по возражданието му и вториот е кратка монографија за Манастирот со наслов Кирил јеремонах Пејчинович и манастирот му св.Атанасиј. Во двата труда, тој не го споменува убиениот игумен ниту па неговото убиство затоа што бил информиран за неговото промакедонската определеност што не му било од интерес да пишува за него едино што запишал дека на гробот на Езекил има подигнато величествен споменик подигнат од Еротеј. Меѓутоа Ритрих пишува дека споменикот го подигнал Езархијата. Од смисленото избегнување да пишуваат за него се наѕира кој го организирал убиството на Езекил.